osce.org/skopje

RoLHRU/Zhaneta Poposka
April 2022

# Резолуција 1325
# Жени, мир и безбедност

## Меѓународни стандарди и пракса

Organization for Security and
Co-operation in Europe
**Mission to Skopje**

# Опфат на презентацијата

1. Резолуцијата 1325
   - Процес на изработка
   - Преамбула
   - Опфат

2. Спроведување на Резолуцијата 1325

3. Жени, мир и безбедност Индекс 2021/22

4. Стратегијата за родова еднаквост 2021-2026

5. Прашања и одговори

# 1. Резолуцијата 1325

**На 31 октомври 2000 година, Советот за безбедност на Обединетите нации на својот 4213-тиот состанок ја усвои Резолуцијата 1325 (UNSCR 1325), како прва тематска резолуција за Жените, мирот и безбедноста**

- Процес на изработка
  - > Последователните резолуции на Советот за безбедност на ОН (Рез. 1820 (2008), 1888 (2008), 1889 (2009), 1960 (2010), 2106 (2013), 2122 (2013), 2242 (2015), 2467 (2019) и 2493 (2019)) на истата тема претставуваат основа за државите и регионалните организации да иницираат и да се заложат за поефикасна политика за спроведување на принципите и одредбите од Резолуциите
  - > Во 2010 година во консултативен процес ОН изработи индикатори за успешност – опфаќаат сè, од родовата еднаквост до државната политика и специфични димензии на ОН. Развиените индикатори ги претставуваат четирите столба на превенција, заштита, учество и помош и закрепнување.

# 1. Резолуцијата 1325

- Ова е прва Резолуција на ОН со која и формално се нагласува важноста на улогата на жената и нејзиното рамноправно учество во одбраната, или во спречување и решавање на конфликтите, т.е. во изградба на одржлив мир
- Резолуцијата се обиде да го реши недостатокот на учество на жените, како во мировните процеси, така и во мировните операции, и недостатокот на свест за различните потреби на заштита што ги имаат мажите и жените за време на вооружен конфликт и неговото решавање
- Резолуцијата 1325 наведува дека како се спроведува мирот може да има различни ефекти за пристапот до ресурси и „моќ“ за жените и мажите

# 1. Резолуцијата 1325

- „Мирот“ не треба да се претпостави дека автоматски го има истиот „квалитет“ за жените како и за мажите.
- Затоа, потребно е вклучување на родовите аспекти во главните политики, т.е., сите активности преземени за создавање на мир треба да осигураат дека мажите и жените ќе имаат подеднаква корист од нив.

# 1. Резолуцијата 1325

- Преамбула
  - Се изразува загриженост дека цивилите, особено жените и децата, се вброени во мнозинството на оние кои се негативно погодени од вооружените конфликти, вклучително и бегалците и интерно раселените лица, како и фактот дека тие во се поголема мера се цел на напади и вооружени елементи
  - Се реафирмира важноста на улогата на жените во спречување и решавање на конфликти и во градење на мирот, и важноста на нивното еднакво учество и целосна вклученост во сите напори за одржување и поттикнување на мирот и сигурноста како и потребата од зголемување на нивната улога во донесување на одлуки кои се однесуваат на спречување и решавање на конфликти
  - Се реафирмира потребата за целосно спроведување на законите кои ги штитат правата на жените и девојките за време на и по завршувањето на конфликтите

# 1. Резолуцијата 1325

- Преамбула (продолжение)
  - > Се препознава итната потреба за изедначување на родовите перспективи во мировните операции
  - > Се истакнува потребата за специјална обука за сите лица кои учествуваат во мировните операции за заштита, како и за посебните потреби и човековите права на жените и децата во конфликтни ситуации
  - > Се зема предвид дека разбирањето на влијанието на вооружениот конфликт врз жените и девојките, ефективните институционални договори кои ја гарантираат нивната заштита и целосно учество во мировниот процес, може значително да допринесе за одржување и поттикнување на меѓународниот мир и сигурност
  - > Се нагласува потребата од консолидирање на податоци за влијанието на вооружениот конфликт врз жените и девојките

# 1. Резолуцијата 1325

- Опфат
  > Ги повикува државите-членки да обезбедат **поголемо учество на жените на сите нивоа на одлучување** во националните, регионалните и меѓународните институции и механизми за спречување, водење и решавање на конфликти.

    *- Прво, тоа е важно за перспективата за рамноправност на половите во секторот одбрана и безбедност.*

    *- Второ, тоа е важно и за поголема заштита и почитување на човековите права на жените, како во воени судири, така и во процесите на постигнување на мир и безбедност.*

  > Го повикува Генералниот секретаријат да **именува повеќе жени за специјални претставници и пратеници** кои ќе вршат должности во негово име и заради тоа, ги повикува државие-членки да номинираат свои кандидатки до Генералниот секретаријат.

# 1. Резолуцијата 1325

- Опфат (продолжение)
  - Го повикува Генералниот секретар да бара проширување на улогата и придонесот на жените во операциите на ОН на терен а особено меѓу **воените набљудувачи, цивилната полиција, лицата кои се занимаваат со човековите права и хуманитарна работа**.
  - Изразува спремност за **вклучување на родовата перспектива во мировните операции** и го повикува Генералниот секретар да ја вклучи родвата компонентата во операциите на терен.
  - Му наложува на Генералниот секретар да им обезбеди на државите-членки **насоки и материјали за обука** за заштита, за правата а особено за потребите на жените, како и за важноста на вклучување на жените во сите миротворни операции и мерки за градење на мир.

# 1. Резолуцијата 1325

- Опфат (продолжение)
  - > Ги повикува земјите-членки **да ја зголемат својата доброволна финансиска, техничка и логистичка подршка за чуствителните родови обуки**, вклучително и оние кои се преземени од страна на специјалните аганеции на ОН.
  - > Ги повикува сите вклучени страни, **кога преговараат и во договорите за спроведување на мирот, да ги вклучат родовите перспективи**, вклучувајќи меѓу другото: (а) посебните потреби на жените и девојките за време на репатријацијате и повторното населување и за време на рехабилитацијата, реинтеграцијата и пост-конфликтната реконструкција; (б) мерки кои ги подржуваат мировните иницијативи и локалните процеси за решавање на конфликти и кои ги вклучуваат жените во своите механизми за спроведување на мировните спогодби; (в) мерки кои ќе обезбедат заштита и почит на човековите права на жените и девојките, особено оние што се однесуваат на уставот, изборниот систем, полицијата и правосудството.

# 1. Резолуцијата 1325

- Опфат (продолжение)
  - Ги повикува сите страни во вооружените конфликти **да го почитуваат во целост меѓународното право** кое се применува за правата и заштитата на жените и девојките како цивили.
  - Ги повикува сите страни во вооружените конфликти **да преземат одлучни мерки за заштита на жените и девојките од родово-базирано насилство**, особено силување и други форми на сексуално насилство како и сите останати видови насилство во ситуации на вооружен конфликт
  - Нагласува дека одговорноста е на сите држави **да стават крај на неказнувањето и да ги санкционираат оние кои се одговорни за геноцид, злосторства против човештвото, воени злосторства вклучувајќи ги и оние кое се однесуваат на сексуалното насилство врз жените и девојките**, и во оваа смисла ја нагласува потребата од исклучување на овие кривични дела, каде што е можно, од одредбите за амнестија.
  - Ги повикува сите страни во вооружените конфликти да го почитуваат цивилниот и хуманитарниот карактер на **бегалските кампови и населби** и да ги земат предвид посебните потреби на жените и девојките.

# 1. Резолуцијата 1325

- Опфат (продолжение)
  - Ги поттикнува сите оние кои се вклучени во планирање за разоружувањето, демобилизацијата и реинтеграцијата **да ги разгледаат различните потреби на женските и машките поранешни војници**, и да ги земат во обзир потребите на членовите на нивните семејства.
  - Изразува спремност да обезбеди **мисиите на Советот за безбедност да ги земаат предвид полот и правата на жените**, вклучувајќи ги целокупните консултации со локалните и меѓународните организации на жени.
  - Го повикува Генералниот секретар да **спроведе студија за влијанието на вооружениот конфликт врз жените и девојките**, улогата на жените во градење на мир и родовите димензии во мировните процеси и разрешување на конфликти.

# 1. Резолуцијата 1325

## Сумарен приказ на Резолуцијата 1325:

- ја потврдуваат важната улога што жените ја играат во спречувањето и разрешувањето конфликти и градењето на мир.
- ја нагласуваат важноста на еднаквото учество на жените во мирот и безбедноста и потребата од зголемено учество на жените во спречувањето на конфликти и градењето на мирот.
- ја потврдуваат важноста на меѓународното хуманитарно право и правото за човекови права во заштитата на жените и нивните права.

# 1. Резолуцијата 1325

## Сумарен приказ на Резолуцијата 1325 (продолжение):

- ја препознаваат потребата од усвојување родова перспектива во мировните операции и потребата да се обучуваат мировниците за посебните потреби на жените и децата во конфликт и хуманитарни услови.
- признаваат дека заштитата на жените и девојките и нивното учество во мировните процеси е важно за меѓународниот мир и безбедност.

# 2. Спроведување на Резулцијата 1325

**Двете главни компоненти на Резолуцијата 1325 се однесуваат на прашањето на сексуалното насилство во вооружените конфликти и зголемувањето на учеството на жените во мировните процеси и политичките институции.** Во Обединетите нации, резолуцијата доведе поголемо внимание да и се посвети на родовата еднаквост и проценката на различните влијанија врз жените и мажите а главните програми што ја спроведуваат резолуцијата се UN Women и Одделот за мировни операции

- Индикатори
  - Развиените индикатори ги претставуваат четирите столба на превенција, заштита, учество и помош и закрепнување.
- Национални акциски планови – локализација!
- Регионални акциски планови

# 2. Спроведување на Резулцијата 1325

- **Превенцијата** е фокусирана на спречување на сексуалното и родовото-базирано насилство, како и на свесноста за родовата еднаквост во системите за спречување конфликти и рано предупредување. Ова вклучува спречување на сексуална експлоатација и злоупотреба од страна на војниците од мировните сили.
- **Заштитата** вклучува подобрување на безбедноста на жените и девојчињата, физичкото и менталното здравје, економската сигурност и целокупната благосостојба. Исто така, се фокусира и на промовирање на правата на жените и девојките и нивната правна заштита.

# 2. Спроведување на Резулцијата 1325

- **Учеството** се однесува на промовирање на учеството на жените во мировните процеси, зголемување на бројот на жени на сите нивоа на институционално одлучување и зголемување на партнерствата со локалните женски организации. Учеството вклучува и зголемување на учеството на жените на високи позиции во ОН - како специјални претставници и во мировни мисии и операции.
- **Напорите за помош и закрепнување** треба да обезбедат еднаква распределба на помошта за жените и девојчињата, како и да ја вклучат родовата перспектива во процесите на олеснување и закрепнување на општеството генерално.

# 2. Спроведување на Резулцијата 1325

- Заклучоците вклучуваат:
- Политичкото учество на жените има главно позитивни резултати, при што државите домаќини забележуваат повисока стапка на жени гласачи и политичарки, како и зголемување на законските одредби за поддршка во врска со родовата еднаквост.
- Сè уште има ниско ниво на жени во мировните преговори, а жените сочинуваат помалку од 10 проценти од оние кои формално се вклучени во сите мисии.
- Академските истражувања покажуваат дека жените се многу поверојатно да бидат спомнати во мировните процеси и договори по донесувањето на Резолуцијата 1325
- Повеќето мировни процеси поддржани од ОН меѓу 2011 и 2013 година одржуваа редовни консултации со женските организации, а во 2012 и 2013 година сите тимови за поддршка на ОН вклучуваа жени.

# 2. Спроведување на Резулцијата 1325

- Институциите на безбедносниот сектор бележат ограничен пораст на женскиот униформиран персонал генерално, и покрај зголемувањето на бројот на униформирани жени во мировните мисии.
- Сè повеќе мировни мисии имаат советници за родови прашања - од 2014 година.
- Има мешани резултати во однос на родовата еднаквост - некои мисии го зголемуваат бројот на жени кои се демобилизирани, но овие подобрувања се нерамномерни во однос на мисиите, а реинтеграцијата останува предизвик.
- Сексуалното насилство и родово-базирано насилство продолжува да биде широко распространето поради неказнивоста на оние кои го вршат, и покрај зголемената обука и заострувањето на законодавството. Бројот на извештаи за сексуална злоупотреба и експлоатација од страна на мировниците продолжува да расте. Покрај тоа, жените како градители на мирот и активистки се редовно жртви на насилство и немаат ефикасна заштита.
- Мисиите направиле поголеми напори за заштита на жените кога се јавуваат во услови на бегалски кризи и кога се ВРЛ преку зголемени патроли и придружба, но ресурсите за таа заштита се ограничени.

# 3. Жени, мир и безбедност Индекс 2021/22

Институтот за жени, мир и безбедност на Универзитетот Џорџтаун го објави третиот по ред Индекс за ЖМБ за 2021/2022 година кој се потпира на признати извори на податоци за мерење на учеството, правдата и безбедноста на жените во 170 земји.

- Резултати
  - > Индексот ги опфаќа и квантификува трите димензии на учество на жените (економско, социјално, политичко), правда (формални закони и неформална дискриминација) и безбедност (на индивидуално, колективно/во заедницата и општествено ниво) преку 11 индикатори
  - > Прва е Норвешка, која е следена од Финска и Исланд
  - > Во регионот најдобро котира Словенија (на 15-то), Хрватска (на 26-то), Србија (34-то), Бугарија (41), ЦГ (42 место). Северна Македонија е на 44-то место
  - > Грција (45), Босна и Херцеговина (56), Албанија (58)
  - > Последна на листата е Авганистан, Сирија и Јемен

| WPS Index rank | Country and group | WPS Index score | INCLUSION: Education (years) | INCLUSION: Financial inclusion (%) | INCLUSION: Employment (%) | INCLUSION: Cellphone use[a] (%) | INCLUSION: Parliamentary representation (%) | JUSTICE: Absence of legal discrimination (aggregate score) | JUSTICE: Son bias (male to female ratio at birth) | JUSTICE: Discriminatory norms (%) | SECURITY: Intimate partner violence (%) | SECURITY: Perception of community safety[d] (%) | SECURITY: Organized violence (battle deaths per 100,000 people) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| TOP QUINTILE | | | | | | | | | | | | | |
| 1 | Norway | .922 | 13.0 | 100.0 | 58.9 | 99.0 | 45.6 | 96.9 | 1.06 | 0 | 4 | 89.5 | 0.0 |
| 2 | Finland | .909 | 12.9 | 99.6 | 52.7 | 100.0 | 46.0 | 97.5 | 1.05 | 1 | 8 | 80.9 | 0.0 |
| 3 | Iceland | .907 | 12.6 | 92.4[b] | 64.2 | 99.6 | 39.7 | 100.0 | 1.05 | 0 | 3 | 72.6 | 0.0 |
| 4 | Denmark | .903 | 13.1 | 100.0 | 54.0 | 100.0 | 39.7 | 100.0 | 1.06 | 2 | 3 | 79.1 | 0.0 |
| 5 | Luxembourg | .899 | 12.0 | 98.2 | 54.9 | 99.4[c] | 31.7 | 100.0 | 1.05 | 2 | 4 | 85.6[c] | 0.0 |
| 6 | Switzerland | .898 | 12.7 | 98.9 | 58.8 | 93.6 | 39.0 | 85.6 | 1.05 | 2 | 2 | 81.9 | 0.0 |
| 7 | Sweden | .895 | 12.7 | 100.0 | 57.3 | 98.5 | 47.0 | 100.0 | 1.06 | 1 | 6 | 68.9 | 0.0 |
| 8 | Austria | .891 | 12.2 | 98.4 | 51.7 | 97.5 | 40.6 | 96.9 | 1.06 | 7 | 4 | 84.9 | 0.0 |
| 9 | United Kingdom | .888 | 13.2 | 96.1 | 56.3 | 94.2 | 30.6 | 97.5 | 1.05 | 2 | 4 | 77.3 | 0.0 |
| 10 | Netherlands | .885 | 12.1 | 99.8 | 54.8 | 94.9 | 35.1 | 97.5 | 1.05 | 2 | 5 | 73.7 | 0.0 |
| 11 | Germany | .880 | 13.9 | 99.2 | 53.7 | 95.3 | 31.9 | 97.5 | 1.06 | 3 | 3.0[d] | 72.4 | 0.0 |
| 12 | Canada | .879 | 13.4 | 99.9 | 53.5 | 90.6 | 33.9 | 100.0 | 1.06 | 0 | 3 | 68.8 | 0.0 |
| 13 | New Zealand | .873 | 12.7 | 99.3 | 62.7 | 90.6 | 48.3 | 97.5 | 1.06 | 3 | 4 | 50.3 | 0.0 |
| 14 | Spain | .872 | 10.0 | 91.6 | 44.3 | 98.9 | 42.6 | 97.5 | 1.06 | 1 | 3 | 75.1 | 0.0 |
| 15 | France | .870 | 11.2 | 91.3 | 48.3 | 92.2 | 37.7 | 100.0 | 1.05 | 2 | 5 | 70.5 | 0.0 |
| 15 | Singapore | .870 | 11.3 | 96.3 | 61.3 | 96.8[c] | 29.5 | 82.5 | 1.07 | 2 | 2 | 96.9[c] | 0.0 |
| 15 | Slovenia | .870 | 12.7 | 96.9 | 51.9 | 98.8 | 21.5 | 96.9 | 1.06 | 4 | 3 | 84.9 | 0.0 |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 41 | Bulgaria | .804 | 11.3 | 73.6 | 48.7 | 99.0 | 27.1 | 90.6 | 1.06 | 8 | 6 | 56.5 | 0.0 |
| 42 | Montenegro | .803 | 10.9 | 67.6 | 40.8 | 98.9 | 24.7 | 88.1 | 1.07 | 6 | 4 | 77.8 | 0.0 |
| 43 | Jamaica | .800 | 10.2 | 77.8 | 59.9 | 93.2 | 31.0 | 68.1 | 1.05 | 9 | 7 | 60.2 | 0.0 |
| 44 | North Macedonia | .798 | 9.4 | 72.9 | 36.3 | 97.9 | 39.2 | 85.0 | 1.06 | 13 | 4 | 58.4 | 0.0 |

# 3. Жени, мир и безбедност Индекс 2021/22

**FIGURE 1** The WPS Index captures three dimensions of women's status in 11 indicators



# 3. Жени, мир и безбедност Индекс 2021/22

- Глави наоди
  - Влошување на нееднаквостите во статусот на жените; како што земјите на врвот на листата продолжуваат да се подобруваат, оние на дното се влошуваат, пресликувајќи ги глобалните трендови во нееднаквата распределба на богатството и приходите.
  - Пандемијата со Ковид-19 предизвика повеќекратнии кризи кои се преклопуваат, што ги зголеми постоечките нееднаквости.
  - Оваа година, за прв пат, Јужна Азија е регион со најлоши резултати, што ги одразува високото ниво на правна дискриминација, насилство од интимен партнер и дискриминаторски норми кои ги обеспправуваат жените, често придружени со ниско ниво на учество. Помалку од една од четири жени во регионот е со платена работа, што е помалку од половина од глобалниот просек.

# 3. Жени, мир и безбедност Индекс 2021/22

- Глави наоди (продолжение)
  - > Најширокиот спектар на перформанси е во областа на вработувањето и финансиското учество. Стапките на вработеност на жените се движат од 92 проценти во Бурунди до само 5 проценти во Јемен. Стапките на финансиско учество се движат од универзално во Данска, Норвешка и Шведска на помалку од 1 во 20 жени во Судан и Јемен.
  - > На правен план, Блискиот Исток и Северна Африка имаат најлоши резултати по региони. Уделот на мажи кои веруваат дека е неприфатливо жените да имаат платена работа надвор од домот ако го сакаат тоа - индикатор за дискриминаторскте  норми во едно општество - исто така, е највисока на Блискиот Исток и Северна Африка. Ова укажува на меѓусебна поврзаност на формални и неформални бариери за женската правда во регионот.

# 3. Жени, мир и безбедност Индекс 2021/22

- Глави наоди (продолжение)
  - Во безбедносната димензија, Латинска Америка има најлоши резултати во однос на безбедноста на заедницата, со само една од три жени кои се чувствуваат безбедно додека шетаат сами во соседството ноќе, иако земјата во која жените се чувствуваат најмалку безбедни е Авганистан. Сирија го има најлошиот резултат на глобално ниво на безбедност поврзано со организираното насилство и за безбедноста на заедницата.

# 3. Жени, мир и безбедност Индекс 2021/22



# 3. Жени, мир и безбедност Индекс 2021/22

- Индексот оваа година врши корелацијата со други десет глобални индекси дизајнирани да ги мерат достигнувањата не само во развојот, политичката слобода и отсуството на конфликти, туку и во пошироките резултати, како што е заштитата на животната средина.
- Најсилната врска постои помеѓу Индексот за ЖМБ и индексот на кревки држави и индексот на човечки развој укажувајќи дека државите кои не успеваат да обезбедат инклузија, правда и безбедност за жените, исто така, имаат тенденција за политичко насилство, нестабилност и слаб севкупен развој.
- Северна Македонија е на 44-то место, во споредба со 2019/20 година кога беше на 37-то место. И покрај тоа што нашата држава има уназадување во оваа насока, сепак сè уште има тенденција да има подобри резултати на индексот за ЖМБ отколку од другите индекси, кое резултира со над глобалниот просек за застапеноста на жените во Собранието, отсуството на правно-заснована дискриминација и затоа што нема пријавени смртни случаи од организирано насилство.

# 4. Стратегија за родова еднаквост 2021-2026

- Четврт стратешки документ на државата за родова еднаквост.
- Со Стратегијата се воспоставува сеопфатна рамка за понатамошни активности во насока на унапредување на родовата еднаквост и зајакнување на жените.
- **Специфична цел 2.7: Унапредување на родовата еднаквост за постигнување и одржување на позитивен мир (Жени, мир и безбедност)**

# 4. Стратегија за родова еднаквост 2021-2026

> Почетна состојба и главни предизвици: 9,45 % жени во армијата (2019 г.) - 14,40 % офицери, 11 % подофицери, 4,7 % професионални војници, а останатите цивилен персонал; 44 % жени во администрацијата на Министерството за одбрана; 8,25 % жени во мировни мисии; нема податоци за застапеноста на жените во надворешните претставништва на РСМ (според некои информации од 22 амбасадори само 6 се жени), 2 жени од 9 директори на директорати и сектори; 19,51 % жени и 80,49 % мажи во МВР (2019 г.) - униформирани 50,90 % мажи и 7,01 % жени, а неуниформирани 17,82 % мажи и 4,28 % жени; за работно место „полицаец“, на основна обука биле упатени 83,53 % мажи и 16,47 % жени; и полициски службеник е машка професија во која има структурни пречки за напредување на жените.

# 4. Стратегија за родова еднаквост 2021-2026

> Очекувани резултати:

1) Зголемено учество на жени во областа на одбраната, особено на позиции на донесување одлуки.
2) Родово сензитивен персонал во одбраната, надворешната политика и внатрешните работи
3) Зголемено учество на жени во надворешната политика и меѓународните односи и во меѓународни мировни и хуманитарни мисии и операции, како и во научни проекти од интерес на одбраната
4) Зголемен број на жени во полицијата

# 4. Стратегија за родова еднаквост 2021-2026

**ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБАТА**

> Според проценката на населението на ДЗС за 2019 година, во Република Северна Македонија има вкупно 2 076 255 жители, од кои речиси подеднаков број на жени (49,92 %) и мажи (50,08 %). Во однос на старосната структура, жените живеат 3.8 години повеќе од мажите, додека целокупното население сè повеќе старее. Во периодот од 2007 до 2017 г., учеството на женското младо население на возраст од 0 до 14 години е намалено од 18,2 % на 16 %, а учеството на женското старо население на возраст од 65 и повеќе години е зголемено од 12,5 % на 15 %.

> Во периодот од 2009 до 2019 година има намалување на бројот на склучени бракови за 7,4 % и зголемување на бројот на разводи за 54,6 %. Во 2019 г., просечната возраст на стапување во брак за мажите била 29.7, а за жените 26.9 години, а има целокупно опаѓање на стапката на склучени бракови од 7,2 во 2011 на 6,6 во 2017 г. Стапката на фертилитет изнесува 1,3 живородени на една жена, а стапката на смртност на доенчињата е 5,6 умрени доенчиња на 1000 живородени деца. Во 2019 г. се регистрирани и 16 живородени деца од мајки под 15 годишна возраст.

# 4. Стратегија за родова еднаквост 2021-2026

**ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБАТА (ПРОДОЛЖЕНИЕ)**

> Според Извештајот за глобалниот родов јаз на Светскиот економски форум за 2020 г., Северна Македонија, со 0,711 поени, е на 70 место од вкупно 153 земји, односно на 16 место во регионот. Ова покажува назадување од 4 места од 2018 г., при што најзначајниот јаз е во економско учество и можности каде државата е рангирана на 100 место, додека најдобра позиција има во политичко јакнење каде е на 52 место. Најголем напредок од 2006 година има во здравство, додека најголемо назадување има во економско учество и можности.

> Индексот на родова нееднаквост за Република Северна Македонија за 2019 г. е 0,143, со што државата е на 37 место од 189 земји. Индексот на родов развој на Северна Македонија е 0,952 и се наоѓа во втората група на земји со средна до висока еднаквост во постигнувањата на Индексот за човечки развој меѓу жените и мажите, што е напредок од претходната година, кога беше во третата група.

# 4. Стратегија за родова еднаквост 2021-2026

**ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБАТА (ПРОДОЛЖЕНИЕ)**

> Во 2019 г., Република Северна Македонија, го изработи својот прв Индекс за родова еднаквост за 2015 г., според кој државата е рангирана на 15 позиција споредено со земјите членки на ЕУ, што укажува дека постои значајна родова нееднаквост и земјата заостанува зад просекот на ЕУ во постигнувањата на полето на родовата еднаквост во речиси сите домени што ги опфаќа индексот. Поединечно, најголемото заостанување, споредено со просекот на ЕУ, е во доменот Пари и доменот Време, најмала разлика има во доменот Здравје, а единствен домен каде земјава има подобар просек од ЕУ е доменот Моќ.

> Главни предизвици во постигнување на родова кај нас се ниското ниво на економска активност на жените и ниското учество на жените на позиции на донесување одлуки во јавниот и приватниот сектор, како директна последица од прифатеноста на традиционалните родови улоги и стереотипи, повеќекратната и интерсекциска дискриминација која ја трпат одредени жени, како и отежнатиот пристап до одредени услуги на социјална и здравствена заштита, високата стапка на насилство врз жените и недостатокот од интеграција на родовата перспектива во мерките и политиките на национално и локално ниво.

# Прашања и одговори

Достапни ресурси:

Web страната на Women Peace and Security Index:

https://giwps.georgetown.edu/the-index/

Резолуцијата 1325 (2000)

https://documents-dds-ny.un.org/doc/UNDOC/GEN/N00/720/18/PDF/N0072018.pdf?OpenElement

zhaneta.poposka@osce.org